# Старечник за деца



# Старечник за деца

Со благослов на Неговото Високопреосвештенство
Митрополитот Дебарско-кичевски г. Тимотеј

Издава
Свештената Бигорска Обител
на Светиот Јован Претеча и Крстител

Уредник
Архимандрит Партениј (Фидановски)

Наслов на оригиналот
Λυκούργου Μαρκούδη, Ἐφραίμ μοναχοῦ
«Παιδικό Γεροντικό α΄»
Ἐκδ. Χρυσοπηγή, Ἀθήνα 1996

Илустрации
Γεώργιος Μποζάς

Превод
Сестринството на Манастирот на Св. Георгиј – Рајчица

Графичко уредување
Братството на Свештената Бигорска Обител

Печати
Бато & Дивајн Графикс центар, Скопје

Тираж 500 примероци

# Старечник за деца

второ издание

Свештена Бигорска Обител
2017



# Содржина

Книга на љубовта • 7

Венци на трпение • 13

Молчаливиот светија • 20

Необичниот просјак • 26

Свештеникот кој не прости • 33

Моќта на верата • 40

Љубов и кон непријателите • 47

Вистински голем • 50

Божјата грижа • 55

Чевларот од Александрија • 61

Со злато навезени одежди • 66

Грозје на љубовта • 73

Како што и ние проштеваме • 76



# Книга на љубовта

Еден византиски цар беше нарачал од некој си краснописец да му направи препис на Стариот и Новиот завет. Долго траеше тоа дур овој не заврши со работата, ама, пак резултатот беше за восхит. Оваа чудесна Библија, вредна повеќе и од петнаесет златници, царот ја подари на еден Старец пустиник, што еднаш му имаше помогнато. Тој скапоцен дар, Старецот, нешто пред да се упокои, му го предаде на својот послушник Геласиј.

Годините минеа и Геласиј стана духовник на еден скит со поголем број монаси. Обично прекрасната книга на Старецот тој ја оставаше во скитската црква, за сите отци да можат да си ја користат. Библијата беше вистински украс и будеше восхит кај сите. Еднаш утрото, по завршетокот на службата, стигна во скитот некој си калуѓер на поминување. Одеше тој на средба со некој Старец во прилично далечен скит, но кога стаса до скитот на Ава Геласиј, намисли малку да застане.

Откако го дочекаа и послужија, отците го внесоа

во Црквата за да се поклони на светињата. Го оставија да се помоли, но искушението го наведе да ја загледа скапоцената книга. Не ѝ одолеа на помислата да ја украде и така тој ја сокри под својата мантија и брзо го напушти скитот. Ава Геласиј веднаш дозна за кражбата, но не им кажа ништо на отците, оти не сакаше да го уловат крадецот.

А оној калуѓер, како стигна во градот, не губеше ни миг. Веднаш почна да бара некој што би бил заинтересиран да ја купи оваа скапоцена книга. Наскоро тој си најде купец и веднаш почнаа да се ценкаат. Отпрвин калуѓерот бараше шеснаесет златници, но купецот не прифаќаше да даде толку пари, зашто не веруваше дека книгата вреди толку. Долго се расправаа, така, околу цената сè додека купецот не предложи:

– А, да ми ја оставиш, отче, на неколку дена за да ја покажам на еден мој познаник што се разбира во овие работи?

Калуѓерот се согласи да му ја остави на купецот на неколку дена за да може овој да го праша и својот пријател за мислење. Веруваше дека на крај ќе успее да заработи многу пари. А купецот штом ја зеде

книгата, отрча кај Ава Геласиј, кого го почитуваше многу, па го праша за мислење.

– Аво, ми ја нудат на продажба оваа Библија за шеснаесет златници. Што велите, вреди ли толку или да не ја купувам? – рече тој и му ја покажа Библијата на Авата. Ава Геласиј веднаш го препозна дарот од Старецот и без никакво возбудување рече:

– Земи ја, брате. Навистина вреди, барем колку што можам јас да видам.

Купецот му заблагодари, ја зеде Библијата и радосен заради трговијата што требаше да ја направи, стигна во градот и го најде калуѓерот. Но, тогаш му падна на ум да излаже и така да проба да ја спушти цената.

– Ајде човеку... Те чекав... Што бидна? – рече калуѓерот кога го сретна.

– Благослови, отче. Ама се плашам оти ќе те разочарам. Отидов и на Ава Геласиј му ја покажав книгата што ми ја даде, но тој ми рече дека не вреди толку колку што велиш. Вредноста ѝ многу помала.

На самото спомнување на името од Авата калуѓерот затрепери.

– Ти рече ли Авата уште нешто? – праша тој.

– Не, отче... Ако сакаш, значи, ќе ти дадам дванаесет златници за да ја купам – му одговори купувачот.

Но, од сето она што го кажа купувачот, калуѓерот не слушна ни збор. Мислите му беа кај Ава Геласиј и неговата постапка.

– Значи, се договоривме? – праша купувачот.

– Не, брате мој... Не, не, илјада пати не. Прости ми што толку се потруди, но јас се премислив. Не ја продавам книгата – рече тој и како ја зеде Библијата се изгуби низ градските улички. Долго талкаше, а во него се одвиваше вистинска борба. Авината добродетел и љубовта што ја покажа кога не го издаде, како со игла го прободуваа неговото срце, вознемирено од кражбата што ја изврши. Многу солзи се лееја од неговите очи и полн со искрено покајание тој се упати по патот кон Авиниот скит.

Кога стигна во скитот, го виде Ава Геласиј како седи на малата клупа кај влезот. Падна на колена пред Авините нозе и не престанувајќи да лее солзи, го молеше да му го прости неговото страшно недело. Авата навистина и му прости заради неговото вистинско покајание.



– Бог да те благослови, брате. Ама и јас сакам тебе нешто да те замолам. Земи ја Библијава на дар заради нашето познанство – рече Авата.

Но, каде калуѓерот да најде сила да ја прими книгата што ја имаше украдено? Со уште повеќе солзи и болка во душата му рече на Авата:

– Те молам, мој Аво! Прими ја назад книгата што ти ја украдов, зашто инаку душата моја не ќе најде мир. Те молам...

– Ако е така, брате мој, тогаш оди и остави ја таму од каде што и ја зеде – рече Авата, а калуѓерот веднаш истрча и ја постави скапоцената Библија на своето место, во скитската црква, точно таму од каде што скришум ја беше зел.

Добрината на Ава Геласиј од корен го промени овој калуѓер, и тој побара од Старецот да остане кај него како послушник. И навистина, Авата го прими и од тогаш калуѓерот никогаш повеќе не направи слична грешка.

# Венци на трпение

Во длабините на Египет има една не баш гостољубива пустина. Нејзиниот песок и камените планини дење горат, а ноќе мрзнат. Во таа пустина, во Тиваида, си живееја, се подвизуваа и осветуваа десетици светии на нашата Црква. По целата таа пуста земја беа распослани скитови, но и манастири во кои молитвите и подвизите на испосниците ја збогатуваа таа земја со духовен живот.

Во тоа овоземно, благословено и рајско место си живееше и еден Старец подвижник заедно со својот смирен послушник. Ги спојуваше љубовта Христова и тие заедно се трудеа да им донесат полза на своите души. Секоја вечер Старецот и послушникот служеа повечерие во малечката црквичката на својот скит. Обично после службата се качуваа до ќелијата на Старецот, каде што Авата со големо внимание ја слушаше исповедта на послушникот, а потоа му даваше совети како да продолжи со неговиот духовен напредок. Завршувајќи го разговорот, Старецот ќе го благословеше послушникот и така младиот мо-

нах се повлекуваше на спиење.

Старецот беше прочуен по својата добродетел, така што мноштво верници од Александрија и другите градови често му доаѓаа во скитот за да се исповедаат и да ги слушнат неговите утешни зборови. Еден ден се случи да дојде толку многу народ, што Старецот цел ден беше со нив, и дури доцна вечерта, кога веќе беа заминале сите посетители, тој успеа да се качи во својата ќелија. Уморот му беше очигледен, но Старецот ни овој пат не го пропушти благословениот обичај. Го повика кај себе послушникот и овој веднаш почна да му се исповеда.

И додека послушникот зборуваше, Старецот, бидејќи беше исцрпен, заспа. Младиот монах не рече ништо. Го почитуваше напорот на Старецот и чекаше тој да се разбуди за да го благослови па да си оди во својата ќелија. Времето минуваше, а Старецот, кој беше заспал во длабок сон, не се будеше. Послушникот, неподвижен и нем, си помисли да причека уште малку, ја извади својата бројаница и прекрстувајќи ги рацете на градите почна да се моли во себеси.

Ноќта минеше, но Старецот не се будеше. Мо-

нахот и сам почувствува замор и почна да го фаќа сон. Си помисли да замине без благослов, за и тој да може да си легне. Но, веднаш ја промени својата одлука.

– Како да заминам – размислуваше – а ако се разбуди Старецот и не ме најде овде? Ќе се загрижи. Не, сепак, ќе останам. Кога-тогаш ќе се разбуди. Со тие мисли се охрабри и продолжи да се моли.

Малку подоцна на послушникот му се врати истата помисла. Но, кога си спомна за трудот на Старецот, кој целиот ден не жалејќи се остана со посетителите во скитот за да ги исповеда, се посрами од своите помисли и одлучи да не го напушта своето место.

До полноќ, помислата да си замине без благослов му се повтори уште два пати, но тој со силата на молитвата ја надминуваше. Веќе се будеше новиот ден, а Старецот уште не се беше разбудил. Меѓутоа, послушникот, сѐ уште буден, седеше покрај него. До тој миг, вкупно седум пати успеа да го победи искушението да си замине.

Тогаш Старецот се разбуди од длабокиот сон и гледајќи го младиот монах пред себе, сѐ уште буден



и на истото место, зачудено му рече:

– Ти, дете мое, не отиде да си легнеш во својата ќелија?

– Не, Старче мој. Како да одам? Не добив благослов – одговори послушникот.

– Па зошто, дете мое, не ме разбуди порано за да добиеш благослов, праша Старецот.

– Бевте изморени од исповедите, Старче и ми беше жал да Ве разбудам – рече младиот монах и откако направи метанија пред Старецот, обајцата отидоа во Црквата, па заедно ја отпеаја утрената богослужба.

Потоа Старецот му рече на послушникот да оди во својата ќелија и да се одмори, а самиот тој остана во црквичката за да ја продолжи својата молитва. И додека се молеше, тој имаше видение.

Наеднаш, во една блескава светлина, виде пред себе ангел Божји, како го зема за рака и води на едно место со неопислива убавина. Таму имаше голем и украсен престол кој зрачеше со небесна светлина. На тронот се наоѓаа седум венци од чисто злато. Старецот се стаписа пред величественоста на тронот, па го праша ангелот:

– Свети ангелу Божји, чиј е овој прекрасен престол?

– Ова е престолот на твојот ученик, Аво, одговори ангелот и продолжи. Ова место и овој престол, одамна му е подготвен од Владиката и Господ, заради неговата добра и совршена послушност. Но овие седум венци од чисто злато, тој ги доби сите заедно во изминатата ноќ.

Со овие зборови на ангелот видението заврши и Старецот се врати од молитвениот занес. Веднаш кај себе го повика послушникот и го замоли да му ги открие помислите што ги имаше претходната вечер кога остана да бдее. Младиот монах, малку размисли, па се сети и му откри на Старецот:

– Седум пати, Старче, додека Вие спиевте, ми дојде помисла да си одам во својата ќелија без благослов, но со силата на молитвата успеав да одолеам.

Кога ги слушна овие зборови, Старецот се восхити од трпението на својот послушник. Но, не му го откри своето видение, за овој да не го обземе себичност и гордост, па така да ја загуби душата. Но, подоцна, имаше обичај да им раскажува за оваа

приказна и ова видение на другите послушници и посетители, за тие од неа да извлечат полза и добар пример. А трпеливиот послушник ништо не дозна за ова видение, сѐ до денот кога Господ го повика во вечен живот.

# Молчеливиот светија

Си живееше еднаш во Мала Азија богато и благородничко семејство. Беа тоа великодушни, добродетелни и верни луѓе. Синот единец, откако порасна и заврши со школување, посака ангелски живот и се одлучи за пустиножителството. Долго трагаше тој по скитовите во египетската пустина, сѐ дури еден ден не сретна некој многу строг Старец. Него благородникот веднаш го замоли да го прими за свој послушник во скитот, и во исто време вети дека ќе му биде потполно послушен на својот Старец.

– Врати се назад во твојот крај – му рече Старецот – и погрижи се да направиш како што рекол нашиот Господ. Собери го, значи, својот имот и раздај го на сиромаси. Кога ќе го исполниш тоа, врати се пак овде и ќе те примам.

Младиот човек направи метанија и послушно се врати во својата татковина. Го продаде сиот свој имот, а парите им ги раздели на сиромасите. Задоволен оти го послуша советот од Старецот, се упати,

сега веќе сиромашен, назад во пустината и скитот. Старецот со радост го прими и кога овој стана монах, го повика еден ден па му рече:

– Отсега ќе живееш во онаа ќелија крај карпата и со никого нема да зборуваш.

– Нека е благословено – одговори монахот, па појде и се насели во ќелијата што му ја покажа Старецот. Таму остана пет години и строго се подвизуваше, без да изусти ни еден единствен збор. Преданоста негова и трпение не останаа скриени од другите браќа, кои му се восхитуваа и многу го почитуваа. Монахот продолжи да си се подвизува во својата ќелија, кога еднаш го посети Старецот и му рече:

– Гледам, дете мое, нешто што ме жалости. Ти овде немаш никаква полза. Од браќата слушаш многу пофалби, што навистина не ги заслужуваш и така си во опасност душата да си ја загубиш. Треба, значи, да си одиш од Египет; затоа спреми се. Решив во општежитие да те пратам.

Монахот ја наведна главата, и ништо не велејќи, покажа послушност кон старчевата волја. Веднаш ги спреми оние малку свои работи и тргна на долг

пат. Нешто пред тргање Старецот му даде писмо со препораки за игуменот на манастирот каде го испраќаше. Ама Старецот не се сети на својот послушен ученик да му каже дали таму кај што оди треба да зборува или не. А, монахот, бидејќи Старецот не рече ништо, продолжи да ја следи поранешна заповед негова, па устата ја држеше затворена. Не можеше веќе да му се чуе ни збор.

Кога стигна во општежитието, игуменот го прими и таму монахот одново го започна својот подвиг. Повеќето отци од манастирот го сметаа за нем. Ама игуменот не беше баш сигурен, па реши недоумиците да си ги расчисти. Затоа го повика и му рече:

– Сакам, отче, да појдеш надвор од населбата, кај големата река и да минеш на спротивниот брег за да ни донесеш некои намирници за манастирот.

Монахот послушно наведна глава и ја прими заповедта. Се упати, значи, кон реката, но пред заминување игуменот испрати и еден друг монах да го следи. Добро знаеше игуменот дека реката е преплавена и дека никој не може да мине на спротивниот брег. Затоа и го прати таму младиот послушник, оти веруваше дека овој, бидејќи не ќе може да

мине, ќе мора да се врати назад и да му го каже тоа, па така ќе се увери дали навистина е без глас.

Штом послушниот монах дојде на реката и се соочи со поплавата, сфати дека не е можно да ја мине. Без многу размислувања падна на колена и почна со солзи во очите топло да се моли, но, со уста постојано затворена. Кога заврши со молитвата, му дојде крокодил од реката и застана покрај него. Тогаш монахот се качи на него, а големото животно, сечејќи ја водата, го пренесе на другиот брег.

Собратот, пак, што по заповед на игуменот го следеше, беше запрепастен од оваа чудна случка и се восхити од доблеста на монахот и силата на молитвата негова. Трчајќи се врати во манастирот, па раскажа сѐ што се беше случило. И игуменот се восхити од случката и од тогаш сите многу го почитуваа монахот и сметаа дека е благослов за манастирот што таков монах живее со нив.

По само неколку години, овој монах, што беше пример за послушание, ја предаде душата на Господа и сето општежитие потона во тага што загуби таков свет човек. Игуменот испрати писмо до првиот Старец на монахот, за да го извести за блажениот



крај на земниот му живот. Писмото завршуваше со реченицата:

– Иако ни испрати нем човек, тој поживеа меѓу нас како прав ангел.

Старецот на послушниот монах, откако го прочита писмото, се восхити од послушанието на својот блажен послушник, па како ја напиша вистината за него, му ја испрати на игуменот. А игуменот ги викна сите манастирски отци и им ги прочита следниве зборови на Старецот:

– Свет игумене, блажениот човек што пред неколку години ти го пратив, воопшто не беше нем. Напротив. Само заради заповедта на својот духовник, ги помина тој сите овие години во молчание. Сега кога Господ го повика кај Себе, нека молитвите негови бидат со нас.

# Необичниот просјак

За Ава Агатон сите зборуваа убаво. Дури и камењата го признаваа тоа. Ех, како не се појави повторно таков свет човек меѓу подвижниците!

– Така е, ти тврдам. Ава Агатон е нешто посебно, – секогаш велеше стариот Аврамиј, трговецот од Александрија. А, Јаков, Елинот, восхитено го слушаше:

– Пред некој ден – продолжи стариот Аврамиј – кога бев да купам кошници од пустиниците, го начекав Старецот меѓу поклониците и монасите. Во почетокот бев збунет. Кој е овој што зборува? „Ава Агатон“, ми рекоа. „Ама не ми личи на Авата. Не е можно Ава Агатон да е толку обичен“. Па, сепак, беше тоа Старецот лично. Облеката му беше едноставна, лицето светло и јасно како кристално бистра вода по која сонцето безгрижно блеска. Зборовите слатки како мед, ширеа спокој наоколу. И дури зборуваше за љубовта, очите му сјаеја. Во гласот му беше скриен сиот копнеж на човек кој знае да сака.

Нешто потаму седеше еден млад монах со убаво, ведро лице, кој многу скромно побара благослов да праша:

– Кажи ни, Старче – рече младиот – на кој начин би можеле да ја покажеме оваа љубов кон нашиот брат? – Тогаш Ава Агатон заблеска од светлина која ги преплави и маѓепса сите. – Љубов, дете мое – одговори Старецот – е да најдам некој лепрозен, да му го дадам моето тело, а јас да го земам неговото. – Овие зборови на Старецот нè потресоа. Никој од нас не можеше да каже ништо – рече стариот Аврамиј и замолкна.

– Никогаш не сум чул такво нешто – рече Јаков. А стариот Аврамиј продолжи со солзи во очите.

– Со години одам кај подвижниците, но сé уште не сум сретнал таков човек, кој за браќата свои би го дал дури и сопствениот живот.

– Слава Му на Бога што и денес има такви луѓе – додаде Јаков.

– Слава Му илјада пати – се согласи стариот Аврамиј.

– Сепак, разговорот нè занесе, а работата не чека. До видување – рече Јаков и стана да си оди.

– Збогум. Среќен пат – рече стариот Аврамиј.

Двајцата пријатели се разделија и секој си тргна по својот пат.

Денот минеше и некаде околу пладне од северниот дел на градот, кој гледа кон пустината, стасаа некои бедни пустиници да продаваат кошници на главниот пазар. Меѓу нив беше и Ава Агатон. Приоѓаше молчешкум, натоварен со кошници со прекрасна изработка, рачната работа на монасите. Ги продаваа по градовите и од малкуте пари што ги заработуваа можеа да се издржуваат. Старците влегоа во градот, а светот ги поздравуваше со „благословете“. Секој го заседе своето место, а последен од сите Ава Агатон. Но, наеднаш, таму кај што застана, еден сиромашен Старец, што не можеше дури ни да оди, липајќи му рече на Старецот:

– Не оставај ме, Аво. Пушти ме овде блиску до тебе, немам никого на светот. Еве, овде ќе седнам и нема ни најмалку да ти пречам.

– Од сѐ срце – рече Старецот и ги нареди кошниците до себе.

Наскоро кошниците на Ава Агатон, грижливо и со љубов исплетени, почнаа една по друга да се

продаваат.

– Колку пари заработи – дофрли просјакот некако чудно.

– Три парички – рече едноставно Ава Агатон, ни малку не возбудувајќи се од ваквата контрола на необичниот просјак.

– Тоа е прилично многу – повторно се јави просјакот и продолжи:

– Купи ми малку леб, со денови ништо не сум јадел.

– И тоа те мачи? Веднаш ќе појдам – рече Авата и отиде да ја исполни неговата желба.

Набрзо просјакот од рацете на Старецот јадеше топол леб. Времето минеше, а Ава Агатон продолжи да ги продава она малку кошнички што му преостанаа.

– Колку парички имаш Аво – ненадејно праша просјакот.

– Мислам повторно три – добродушно одговори Старецот.

– Ќе ми купиш ли малку овошје и некое колаче од оние на пазарот? – рече просјакот.

– Од сѐ срце – рече Старецот и по втор пат појде за

да купи овошје и колачиња за необичниот просјак.

Нешто подоцна просјакот го дојадуваше последното парче од колачето, а Старецот се спремаше да се врати назад во својата колиба без ни трошка лутина што сите свои пари ги даде од љубов за братот. Тој, меѓутоа, сето тоа го правеше многу услужливо, иако долго време не ќе има ни парче леб.

– Сега ќе си одиш? – го праша просјакот.

– Треба да се вратам назад во пустината – му рече Авата.

– Тогаш, ова ќе го побарам од тебе. Однеси ме одовде до главниот пат, па оттаму оди во пустината.

– Од сѐ срце – одговори Ава Агатон и се насмевна,земајќи го просјакот на својот грб.

Нозете не го држеа и бидејќи уште од утрото беше уморен, едвај се движеше. И откако со необичниот просјак на својот грб допешачи до главниот пат што води кон пустината, се спремаше тука да го остави. Но наеднаш некој небесен глас исполни сѐ наоколу:

– Благословен да си и на небото и на земјата! – На местото од неугледниот просјак стоеше еден во бело облечен ангел, преплавен со светлост и бо-



жествена благодат. Тој беше дојден од кај Престолот Божји за да го искуша срцето на смирениот Агатон, зашто Бог го овенчува трпеливиот човек и на него изобилно го излева Својот благослов.

# Свештеникот кој не прости

Надвор од манастирот, на големата клупа каде што монасите седеа после служба, го испружи своето изморено тело старецот Авакум со седа брада. А кога младите монаси го здогледаа, брзо се собраа околу него да се поткрепат со зборови на љубов. Стариот Авакум ретко излегуваше во дворот, па затоа монасите немаа често прилика за тоа.

– Кој е најголемиот грев, Старче? – запраша отец Нил.

– Злопамтењето – одговори Старецот – е многу голем грев, толку голем што може да нѐ лиши и од самиот рај.

– Од рајот? Значи толку е голем? – го прекина младиот монах Гаврил.

– Се сеќавам – продолжи Старецот – на еден расказ од времето на маченичките страдања на древните христијани.

Сите монаси заседоа подобра положба за да го слушнат душеполезниот расказ на стариот Авакум.

– Беше тоа во времето на царот Валеријан. Во една далечна земја на Истокот си живееше христијански свештеник по име Никифор. Во тој град живееше и еден друг свештеник, Саприкиј, кого со Никифор го врзуваше силно духовно и христијанско пријателство. Свештеникот Саприкиј му беше духовен отец на Никифор. Но ѓаволот го мразеше пријателството на овие двајца духовни браќа. Една клевета што стаса до ушите на Саприкиј беше доволна да ја раскине нивната христијанска врска. Како главен виновник за ова клеветење беше сметан Никифор, така што Саприкиј не само што не сакаше да го види со очи, туку и смртно го намрази.

Многу пати Никифор се обидуваше да му се приближи. Залудно. Саприкиј не сакаше ни да чуе. Праќаше и други луѓе да го убедат повторно да станат пријатели. Но, ништо од тоа. Страста на злопамтењето го беше заслепила. И како што минуваше времето, така свештеникот стануваше сè потврдоглав.

Тогаш во Источните области изби голем прогон против христијаните, пожесток од било кој дотогаш. Млади и стари, дечиња и жени, беа носени по ста-

дионите и арените да пострадаат од љубов кон Христа. Меѓу христијаните, скоро меѓу првите, беше фатен и свештеникот Саприкиј и ставен на маки за да се одрече од својата вера. Го одведоа до златниот кип на Зевс, но овој одби да му принесе жртва. Затоа го фрлија во затвор каде продолжија уште повеќе да го мачат.

Никифор го гледаше страдањето на свештеникот и со многу пари го убеди чуварот да го пушти да влезе во затворската ќелија.

– Прости ми, отче – му рече плачејќи – јас сум крив за сѐ. Прости ми.

– Никогаш – рече Саприкиј уште потврдоглаво.

– Но, наскоро ќе се разделиме засекогаш. Зар да се разделиме со такво непријателство меѓу нас? Прости ми! – повторно рече Никифор преколнувајќи го.

– Никогаш! Веднаш да си одиш! Чувару, те молам одведи го одовде, немам веќе што да му кажам! – отсечно одговори Саприкиј.

Никифор се збуни. Не очекуваше од Саприкиј толку големо противење, особено сега, во миговите на страдање. Тешката врата се затвори зад него, и

Никифор си тргна дома.

Утредента еден војник му ја читаше на свештеникот смртната пресуда. А извршителот се спремаше со меч да му ја отсече главата.

– Прости ми! – викаше Никифор од мноштвото народ што се беше собрал.

– Никогаш! Никогаш! – остро повторуваше Саприкиј.

– Прости ми! – беше упорен Никифор. Но одговорот на Саприкиј не се менуваше...

Меѓутоа, Бог не сака такви маченици. Никој не влегува во рајот ако пред тоа немал љубов во себе. Затоа Бог ја повлече Својата благодат од Саприкиј. Тогаш овој почувствува како да се буди од некаков длабок сон. Како да не знаеше поради што се наоѓа врзан овде. Без Божјата благодат, тој беше само еден обичен човек.

– Зошто сум овде? – љубопитно запраша Саприкиј.

– Ти си осуден затоа што си христијанин и зашто одби да принесеш жртва на идолите – рече гласно извршителот.

– Не, еве ќе принесам жртва, ќе принесам жртва!

– исплашено одговори Саприкиј, кој беше ја загубил Божјата благодат.

Мноштвото народ остана занемен. Никифор се запрепасти. Го подигна својот поглед кон небото и виде еден ангел, подготвен да го овенча маченикот. Но, кога Саприкиј се одрече од Христа, венецот остана таму, чекајќи некој нов маченик.

Тогаш Никифор излета од толпата и со копнеж за мачеништво му викна на извршителот и на насобраниот народ.

– Христос денес сака маченик. Јас сум христијанин. Ајде, напред, што чекаш? Пресечи ми ја главата! – И така Саприкиевото место го заседе свети Никифор.

Сите останаа неподвижни, а Старецот, завршувајќи го својот расказ, рече:

– Ова е, деца мои, расказ од маченичките страдања на првите христијани. Да се чувате, значи, од злопамтењето и да Го молите Бога да нѝ исполни со љубов.

Младиот монах, отец Гаврил, се прекрсти и Го замоли Бога да му подари љубов.

– Без љубов, дете мое, не можеме да Го сведо-



чиме Христа ниту маченички да пострадаме за Него – повторно рече Старецот.

Монасите му целиваа рака на стариот Авакум и се упатија кон своите ќелии, добивајќи голема полза од овој расказ.

# Моќта на верата

Верата, дете мое, за човекот претставува сè и сешто. Без неа човекот не може да живее – секогаш одново му велеше Старецот, со густа и седа брада, на младиот калуѓер кој во тој миг ги чистеше остатоците од пепелта.

– А, до каде може да стигне оваа вера, Старче? – збунето го прекина младиот монах.

– Не можеш да ја измериш – одговори Старецот. – Зависи од тоа кој колку Го сака Бога. Колку што Го сакаш, толку и веруваш и колку што веруваш, толку и Го сакаш.

– Не можам да го разберам тоа – повторно рече младиот монах.

– Сепак, многу е едноставно. Доволно е да го оставиш своето срце слободно да Го засака Бога – рече Старецот, ја извади својата бројаница и почна да се моли.

Деновите во скромната колиба која се наоѓаше во близина на едно гратче, минуваа. Светот прилично често доаѓаше во малата и тивка колиба, за да

добие некој совет од Старецот, да ги сподели своите проблеми и да слушне по некој душекорисен збор. Дури и сиромашните просјаци доаѓаа и просеа по малку леб или било што друго кое би го затекнале во малата колипка.

Меѓутоа, таа година градот беше ја уништил земјоделската култура, така што народот почна да гладува. Селаните немаа работа, мајките немаа што да зготват, а децата гладни се вртеа наоколу. Тага и несреќа имаше насекаде. Сите се упатуваа кај благородниот Старец, кој секогаш даваше од оние малку лебови кои му преостануваа. А бескрајната редица на гладни граѓани сè повеќе се зголемуваше. Сиромашните, од исток до запад, во таа малечка куќарка наоѓаа љубов и сочувство.

– Старче, ни снемува од лебот. Немаме да им дадеме ништо. И ние ќе гладуваме – велеше младиот монах.

– Бог, дете мое, Кој ни ги испрати своите мали браќа, ќе се погрижи и за нас да не гладуваме – одговори предобриот Старец.

Времето минуваше, а гладните се намножуваа сè повеќе и повеќе. Еден ден, младиот монах, многу

тажен поради состојбата што владееше, дојде и му рече на Старецот:

– Аво, сакам да ги поделиме на два дела сите наши лебови. Да ми дадеш колку што ми припаѓа. И од сега да даваш само од своите. Јас не сакам да гладувам.

Старецот беше изненаден. Не очекуваше вакава реакција од својот послушник. Сепак, за да не го растажи, ги подели лебовите на два дела, дури и повеќе му даде на својот послушник, а понатаму само од своите лебови делеше милостина.

– Не сакам да гладувам – мрмореше послушникот. – Ако сака, тој нека гладува. На просјаците им нема крај, а на лебот крајот веќе му се гледа.

Таа година зимата беше тешка. А просјаците никако не престануваа да доаѓаат. Но, Бог Кој го гледаше доброто срце на Старецот, ги благословуваше лебовите и тие никогаш не изостануваа. Од друга страна, пак, лебовите на послушникот се намалуваа многу брзо. Еден ден загрижениот послушник повторно отиде кај Старецот.

– Те молам, Старче, ако сакаш повторно да јадеме заедно – рече тој и го наведна својот поглед.

– Со задоволство – рече Старецот не додавајќи ништо повеќе. Несреќата, меѓутоа, продолжуваше. Просјаците не престануваа дури ни навечер да го вознемируваат Старецот. Но, срцето на Старецот беше преполно со љубов која никогаш не престануваше. А послушникот, повторно незадоволен почна да ропта.

– Еве, лебовите се намалуваат. Па, дали е возможно непрестајно да даваме?

– Дете мое, Бог нема да нѐ остави да гладуваме – велеше Старецот, обидувајќи се да го смири нетрпеливиот послушник.

Беше зимски ден и послушникот отиде да ја очисти просторијата во која месеа леб. Ги гледаше полиците кои некогаш беа преполни со топли лебови, а сега здогледа само еден леб. Барем имаме уште една. Бидејќи заврши со чистење, се качи горе и седна заедно со Старецот да плете кошници. Надвор беснееше ветар, така што тропањето на вратата не се слушаше добро. Послушникот го слушна тропањето, но не рече ништо. Си мислеше дека повторно е некој прегладнет, така што ќе мораат да му го дадат и последниот леб.

– Некој тропа – рече Старецот.

– Не, тоа е ветрот – одговори послушникот.

– Но, сепак, некој е – рече Старецот и стана за да отвори, читајќи го срцето на својот послушник. Еден сиромашен просјак, целиот помодрен од зимата, бараше малку леб.

– Почекај малку. Стани малку – рече Старецот и му даде знак на својот послушник да дојде поблиску. – Слези долу и донеси еден леб – му рече.

– Не доаѓа предвид. Тоа е нашиот последен леб. Ќе останеме без храна. Ќе гладуваме – одговори послушникот.

– Те молам слези и погледни подобро – упорно му велеше Старецот.

– Но, пред малку слегов и знам дека имаме само еден леб – трепперејќи одговори послушникот.

– Оди, дете мое, и имај доверба во Бога – додаде Старецот. Послушникот не по своја волја се упати накај просторијата во која го чуваа лебот. Но, како што се приближуваше, чувствуваше некој неодолив мирис кој се ширеше од собата.

– Невозможно, мојот глад си игра со мене – помисли послушникот. Но, сепак, подрумот мирисаше



на топол леб. Кога влезе внатре, сосема се збуни. Целата просторија беше исполнета со лебови кои се ладеа. Веднаш истрча назад кај Старецот.

– Старче – во паника извика послушникот. – Прости ми. Сега разбирам до каде може да стигне верата во Бога.

– Така е, дете мое – му рече Старецот. – Онолку колку што сме милостиви, толку и Бог ќе биде милостив кон нас. Колку што даваме, толку и Бог ќе ни даде.

Од тој ден послушникот слушаше сè што му зборуваше Старецот и имаше доверба во Бога. Оној Кој ги испраќаше гладните во нивната ќелија, не дозволуваше монасите да гладуваат.

# Љубов и кон непријателите

Еднаш еден монах тргна од манастир за да заврши некои обврски. Откако направи сѐ, тој тргна за назад. Ама, во еден миг заталка. Што да прави? Почна, значи, да се моли.

– Боже мој – рече тој – помогни ми.

Набрзо потоа сретна некои минувачи и ги замолили да му го покажат патот што сакаше да го врви.

– Добро – му рекоа тие – оди по нас.

Ама овие луѓе беа разбојници и гледајќи го така сам и непознат, сакаа да го одвлечат далеку за да го ограбат.

Монахот сфати дека тоа им и е на ум, но не рече ништо. Само се молеше Бог да го заштити.

Пешачеа, така, тие долго време, па дојдоа до една голема река и тука застанаа да се одморат.

Разбојниците беа сите собрани на едниот крај и тивко се договараа, а монахот си седеше преку патот и непрестајно се молеше.

Одеднаш, од речните води, се појави голем крокодил и се устреми на еден од разбојниците. Овој



толку многу се уплаши, што се збуни и скамени. Тогаш монахот, бидејќи беше поприсебен, брзо го повлече и така го спаси.

Крокодилот нурна во речните води, не успевајќи да го растргне разбојникот. Тогаш, овој, трогнат од добрината на монахот, му падна пред нозе и бараше прошка за злото што се спремаше да му го направи.

– Сакав да те убијам, додека ја минуваш реката – му рече тој – но љубовта твоја ме испревари.

Монахот Му заблагодари на Бога што го сочува, а разбојникот го замоли монахот да му дозволи да остане со него. И навистина остана и стана совршен послушник.

Многу години поживеаја тие во пустината и во секоја погодна прилика, не пропуштаа да се потсетат на чудесниот начин на кој се сретнаа.

# Вистински голем

Си живееше еднаш едно благословено семејство. Родителите, кои веруваа во Бога и имаа големо смирение, си ги водеа децата по Христовиот пат. Уште од мали, овие две дечиња Го засакаа Бога. Да прислужуваат во храмот, покрај свештеникот, им беше една од најголемите радости. Кога доволно пораснаа, тие решија сиот свој живот да ѝ го посветат на Црквата.

Така, значи, тие, си ги оставија родителите, удобностите и задоволствата од овој свет и од љубов кон Христа прифатија монашки живот. Едниот го избра подвижништвото и животот во пустина. Затоа појде и навлезе длабоко во неа, па како најде еден скит, стана пустиножител.

Другиот брат, оној помладиот, го сметаше општежитието за подобар и посигурен пат за постигнување на својата цел. Си најде манастир со свет игумен и смирени отци и таму стана монах. Послушноста му беше совршена и служеше за пример. Сите отци во манастирот го сакаа и почитуваа,

зашто секогаш беше подготвен да ги послуша заповедите што му ги даваа. Чиниш немаше воопшто своја волја.

Времето минеше и послушноста на помладиот брат стана позната низ цела околина. Така, славата негова стаса и длабоко во пустината, таму кај што се подвизуваше постариот брат. Кога пустиникот слушна за ова, не поверува, и посака сам да ја испита послушноста на својот брат. Замина тој, така, од пустината и стигна во манастирот каде живееше брат му. Го сретна и замоли да прошетаат наоколу за да си позборуваат, зашто толку години не беа видени. Помладиот брат прифати со задоволство, и така излегоа од манастирот.

Шетајќи, стасаа тие до една река за која постариот брат од порано знаеше дека е преполна со крокодили.

-Влези, братче, во реката, и излези на спротивната страна - му заповеда пустиножителот.

-Нека е благословено - одговори помладиот брат и пријде кон реката. Постариот брат беше сигурен дека помладиот нема да успее и дека крокодилите ќе го изедат. Меѓутоа, добриот послушник, кој

никогаш во својот ум не внесуваше лоши помисли, туку едноставно ги следеше заповедите на другите, влезе во реката и пливајќи стигна до спротивната страна. Свирепите крокодили не само што не му направија ништо, туку напротив, за сето време додека тој пливаше, го следеа одназад и му ги лижеа нозете. Оваа глетка го запрепасти пустиникот. Тој остана без зборови.

Тргнаа, значи, да се вратат во манастир. По патот, нешто пред да стигнат, наидоа на некој мртовец. Некои луѓе го беа ограбиле и убиле. Беше гол и двајцата браќа се сожалија над него.

–Ајде, брате, да соблечеме секој по еден дел од облеката и да го облечеме овој несреќник – рече пустиножителот.

–Прости ми, брате, ама не е ли подобро да се помолиме за него, може Бог ќе му се смилува и ќе го воскресне.

Така и направија. Добриот Бог ја услиши нивната молитва и го воскресна мртовецот. Ова големо чудо го исполни пустиникот со себичност, па тој рече:

–Ова чудо ни го подари Бог заради мојот голем подвиг во пустината.



Помладиот брат не рече ништо и монасите си го продолжија патот до манастирот. Но, на влезот во манастирот ги чекаше игуменот.

Тој беше свет човек и Бог му беше открил сѐ што се случи тој ден. Штом двајцата браќа се приближија, игуменот го одведе пустиникот настрана и строго му се обрати:

–Зошто, дете мое, го изложи брата си на толкава опасност во реката? И знај дека послушноста на твојот брат беше тоа што го воскресна мртовецот.

Пустиножителот не издржа. Зборовите на игуменот го потресоа и солзи покајнички се појавија во неговите очи. Побара прошка од Бога и од игуменот, и веднаш појде да си го побара братот. Кога го виде, падна на колена и му рече:

–Прости ми, братче. Многу згрешив на Бога и тебе. Прости ми што кај реката те доведов во опасност. Прости ми.

Помладиот брат му прости и од тој час живееја во љубов, подвизувајќи се заедно за спасение на своите души.

# Божјата грижа

Длабоко во Јудејската пустина, во Палестина, се наоѓа манастирот на Ава Теодосиј, што тој го изгради во петтиот век. Како минуваа годините, манастирот станувaше сè поголем, со многу отци кои се грижеа за старечкиот дом, работилниците, домот за сираци и за домот за сиромашни, што постоеја во рамките на манастирот.

Но, на почетокот кога беше основан, манастирот беше многу сиромашен. Отците често се соочуваа со проблеми, а не ретко го немаа ни она најнеопходното за свој опстанок. Меѓутоа, нивната вера во Бога и молитвите на нивниот Старец, свети Теодосиј, секогаш им помагаа и ги избавуваа од тешките мигови.

Една Велика Сабота монасите се соочија со тажна состојба. Во манастирот немаше никакви намирници, дури ни просфори за божествената Литургија. Бараа и бараа, но ништо не најдоа. Времето минуваше и ближеше великиот миг на Воскресението. Таа светла празнична вечер решија да не јадат, зашто така им налагаше ситуацијата. Но никако не можеа да се помират со тоа дека ќе останат без света При-

чест. Залудно одново бараа некое заборавено шише со вино или некое парче леб. Беше невозможно да се пронајде било што.

Кога сфатија дека ги снајде потполна немаштија, отидоа кај својот Старец, светиот Теодосиј, и му кажаа за тешката ситуација и својата тага. Старецот мирно ги an послуша. Нивните зборови воопшто не го вознемирија.

–Така стојат работите, старче – рече на крај некој од отците. Блажениот Теодосиј, кој дотогаш молчеше, одговори:

–Одете, деца мои, и погрижете се сѐ да биде подготвено за вечерашнава Света Литургија. И вие подгответе се, па да ја дочекаме вечерта.

–Попусто нѐ теши – прошепоти еден монах.

Старецот го слушна и рече:

–Деца мои, да не заслабна случајно нашиот Бог во Својата сила? Можеби Оној Кој во пустината го хранеше народот Израилски, денес веќе не е во состојба да дава? Или, може, Оној Кој со пет леба и две риби го насити сето мноштво што Го следеше, не е способен веќе да прави чуда?

Монасите се восхитија од зборовите на Старецот, но повеќе од сѐ ги восхити неговата вера и убеду-

вање дека сè ќе биде како што треба. Тргнаа да излезат од неговата ќелија, кога го слушнаа како вели:

–Подгответе го не само олтарот, туку и воскресната трпеза. И да знаете отци мои, дека Оној Кој се грижи за птиците небесни, ќе се погрижи и за нас.

Отците заминаа молчејќи. Зборовите на Старецот беа вистинска утеха за нивната тага и разочарување. Но некаде длабоко во себе чувствуваа дека тие зборови Старецот им ги упати само за да ја ублажи нивната загриженост. Беа скоро сигурни дека не ќе можат да го прослават Велигден.

Сонцето беше веќе зајдено кога се слушна тропање на вратата. Отците се збунија. Кој ли би можел да биде во ова време и во овој ден...

Ја отворија главната врата од манастирот и видоа непознат човек. Со себе тој водеше две натоварени камили.

–Отци, благословете – рече непознатиот.

–Бог да те благослови – одговорија монасите.

–Простете ми што ве вознемирувам во ова време, но се случува нешто што не можам да си го објаснам – рече непознатиот и продолжи: – Се заветив секоја година на овој ден да носам намирници во еден скит, тука подолу. И веќе се навикнав да сум



таму на Воскресната Литургија, а следниот ден да се вратам назад. Така појдов и оваа година. Но, кога стигнав овде пред вашиот манастир, овие две мои камили – чудно – престанаа да одат, седнаа долу, па ми беше невозможно да ги подигнам и да ги натерам да продолжат. Никако не слушаа. Тогаш, значи, си помислив, дека можеби, на крајот на краиштата, Божја волја е овие работи да останат тука. Затоа ви тропнав, воден од помислата вам да ви ги оставам овие намирници, и моите камили веднаш станаа и тргнаа кон влезот од манастирот.

Беше тоа навистина Божја волја. Неговата промисла се погрижи за потребите на манастирот. Храната што им ја донесе непознатиот човек, беше доволна не само за празничната воскресна трпеза, туку траеше сѐ до Педесетница, па и подолго. А не недостасуваше ни просфора за божествената Литургија во сите тие денови.

Монасите беа восхитени од старчевата вера во Бога. Од тој ден, свети Теодосиј го почитуваа уште повеќе, додека, пак, во нивниот живот надежта во Бога заседе посебно место.

# Чевларот од Александрија

Антониј Велики беше еден од првите монаси што светот го остави и во пустина заминаа. Тој со право се смета за татко на животот монашки. Во Црквата наша тој често како учител на пустиниците се спомнува. Со време крај неговата ќелија се беа собрале многу монаси што во ликот негов спокој најдоа.

Против Антониј Велики ѓаволот војуваше како против ретко кој светија. Со разни лукавства се трудеше да го фати во замка. Но Божјиот човек на секој начин гледаше да се спротивстави на ѓаволските стрели.

Еднаш ѓаволот проба да го убеди Антониј дека божем неговата добродетел достигнала многу голема височина. И дека во пустината, а ни во целото царство, нема никој толку добродетелен и напреден.

– Гледај Антониј – му потшепнуваше ѓаволот – кој освен тебе достигнал таква висина: Никој. Кој пости, кој се моли, кој љуби така како тебе? Никој.

Еден миг се чинеше дека Антониј Велики го слуша неговото расудување, но наскоро ја сфати лукавата замка. Бог, Кој не сакаше Антониј Велики да погреши, најде начин и овој голем подвижник да се подучи.

Таа вечер, Божјиот човек, кога својата топла молитва ја заврши и ја смали светлината на маслената ламба, полека ги затвори очите. Слушна тогаш глас Божји, кој јасно му стави до знаење:

– На патчето за Александрија има еден чевлар, поголем од тебе, Антониј.

Антониј Велики срипа од сонот.

– Чевлар? Па, зарем е можно? Чевлар да е поголем во подвижништвото и добродетелта од Антониј Велики? – реши уште утре да појде за Александрија.

Кога осамна нов ден Господов, Антониј Велики си го зеде стапот и се упати на местото што Бог му го укажа.

– Еден чевлар во Александрија да е поголем од пустинските подвижници – си повторуваше по пат Антониј Велики.

На самиот крај на споредниот пат за Александрија имаше работилница. Стар чевлар со обичен

изглед, едноставен и не многу зборлест, држеше во рацете чевел и внимателно го крпеше.

– Благослови – му рече чевларот на скромниот монах.

– Бог да те благослови – исто така едноставно одговори Антониј Велики.

А чевларот се наведна над чевелот што го крпеше, тивко мрморејќи некој псалм.

– Кажи ми, дете мое. Како ги минуваш дните?

– Не помнам, Аво, некому да сум му направил нешто добро. Ниту знам за некаква моја благост кон некого.

– Па како ти врви животот – љубопитно го прекина Авата.

– Еве како. Секое утро кога ќе станам, си велам во себеси дека сите луѓе од Александрија и оние населените по далечните краишта, па и сите оние што не ги знам ќе се спасат, а само јас поради мноштвото мои гревови ќе пропаднам. И со таа мисла ми врви денот, а навечер повторно за истото размислувам.

Антониј Велики стана, го прегрна сиромавиот чевлар и грижливо го целива.

– Ти, дете мое, со малку труд скапоцено богат-



ство си купи! Јас во пустината низ подвиг и пост остарев, но смирението твое не го достигнав.

Извлекувајќи голема полза, големиот подвижник се упати назад во пустината.

# Со злато навезени одежди

Зазори Божјиот ден во вечниот град. Цариград, облечен во сјајот на легендите и во позлатените бои на вековите, се губеше во далечините на хоризонтот со своите големи византиски цркви, со палати и градини од сништата, со тврдините и бедемите со трофеи. Град, што како ниеден друг на светот, ја запозна убавината, отменоста и над сè верата.

И си имаше Бог во тој град многу избраници. А од сите нив, најсмирен меѓу смирените, беше свештеникот Маркијан. Од малечок беше бележан од Божјата рака. И тој го послуша Божјиот глас и си одреди да живее само за Бога и Неговата љубов.

Неговата слава се беше раширила по целото царство и ги опфати дури и најдалечните краишта. Велеа дека е човек кој никогаш немаше нешто свое, зашто секогаш сметаше дека друг има поголема потреба отколку тој. Татко на сиромашните и бедните – се трудеше целиот свој ден да го потроши на милосрдие и љубов.

Неделната зора со брзи чекори го донесе Мар-

кијан до сокачето што водеше кон црквата на света Анастасија. Беше тоа еден величествен храм каде тој години служеше како собрат. Денес беше голем ден: осветување на храмот. Требаше, значи, да се погрижи за сѐ. Со крилест чекор и молитва на усните минуваше низ лаковите и аркадите на Цариград. Патот беше пуст. Стигна пред западниот трем и излезе кај голем квадратен двор со прекрасна фонтана. Одовде се гледаше оградата на храмот. За Цариград ова беше студена зима и бидејќи сѐ уште во мугри, мразот немилосрдно штипеше. Со еден потег Маркијан ја завитка мантијата околу себе, но како веднаш да се покаја.

– Спомни си, Господи, за бедните, Твоите мали браќа – рече тој тивко. Стигна до големите скали. Величествената глетка му го привлече погледот. Но, кога тргна да ги помине, слушна некое офкање од страната. Маркијан се зачуди и се прекрсти.

– Господи, помилуј – рече – кој ли би можел да биде во ова доба? – но, овој пат офкањето се слушна уште погласно. Беше мрачно и на Маркијан не му се гледаше добро.

– Ама, кој е тоа? – рече тој, сега нешто погласно.

– Милост, отче – се слушна еден намачен глас.

Таму на големите скали седеше некој беден просјак, помодрен од студот.

– О, брате, мој – збунето рече Маркијан – Треба да ти помогнам, но кај себе немам ништо за тебе. Ја вовлече раката во мантијата, не би ли нашол нешто. Но, ништо не најде. Помисли да му рече да го чека таму кај скалите, зашто после Литургијата можеби ќе има нешто да му даде. Но, тогаш можеби ќе биде веќе доцна.

– Помогни ми, Господи, што да правам? – шепотеше Маркијан.

Тогаш човекољубивиот свештеник намисли да направи нешто невообичаено. Во секунда го отвори храмот и истрча до ѓакониконот, значи во просторијата каде свештениците облекуваат одежди за да служат Божествена Литургија. Тука тој ја соблече мантијата и ги облече своите одежди. Потоа излезе во дворот на храмот и подавајќи му ја на просјакот својата мантија му рече:

– Немам што друго да ти дадам. Земи го ова. Мене ни ми треба оти сега ќе служам Божествена Литургија. Земи, твоја е.

А просјакот, восхитен од толкавата добрина, ги целиваше рацете на својот добротвор, и преполн со



радост, си замина.

Времето минеше. Одлево и оддесно имаше многу луѓе облечени во празнично руво. Дојдоа и официјалните лица во своите униформи обвиткани со свила и кадифе. А, потоа витезите и војводите, и најпосле и самиот цар. Во раскошно украсената црква сè доби празничен карактер. Покрај царот, дојде и застана Патријархот. Црквата блескаше со заслепувачки сјај. Илјадници полиелеи со својот блесок го претворија храмот во брод кој плови кон небото.

Но, наеднаш, сите погледите се насочија кон олтарот каде беше Маркијан. Секогаш кога тој ќе се појавеше на олтарните двери се чинеше како на себе да носи со злато везена одежда, која и покрај сјајот на денешниот ден, не му прилегаше на еден обичен свештеник.

Набрзо, од помисли се премина на коментари. Шепотењата, кои стануваа сè посилни и посилни, го попречуваа пеењето.

– Види го ти Маркијан. Зар не се срами? Каква, само, одежда носи? – рече еден.

– Што мисли, кој е тој! Последниот свештеник во Цариград, а носи одежда пораскошна од таа на Па-

тријархот! За срамота – одговори друг.

– Срамота! Срамота! – се слушаше од сите страни. Цел храм блескаше од одеждите на Маркијан.

– Некој треба да му каже на овој свештеник, Пресвети, да се облекува со помала суета – му шепна на Патријархот еден клирик.

Патријархот го засегна она што го слушна. Го знаеше Маркијан како смирен и сериозен клирик. Ама не можеше ништо да каже за неговото денешно однесување. Конечно реши дека штом ќе заврши Литургијата, сериозно ќе му приговори.

Откако ја раздели нафората, Патријархот го повика Маркијан на страна.

– Денес, Маркијане, не постапи добро. Што значи таа одежда што ја носиш? Каков пример ќе им покажеш на бедните од нашето општество? Свештеникот, дете мое, треба да е едноставен.

Добриот свештеник се збуни. Фрли поглед на одеждите што ги носеше и смешкајќи се, но секогаш со почит, одговори:

– За какви тоа одежди зборувате, Ваша Светост? Ако мислите на овие што ги носам, тоа се истите оние што ги имам од денот кога ме ракоположивте, еве веќе дваесет и пет години!

Сега Патријархот се разлути. Ова е веќе претерано. Во очи му се потсмева! Одлучи да го казни.

– А, што е ова? – викна Патријархот. Но, кога со рака ги дофати одеждите, виде дека тоа се оние старите, кои Маркијан ги носеше веќе со години. А по првото изненадување, следеше и второ.

Патријархот виде дека Божјиот човек не носи мантија под своите стари одежди. И полн со недоумици праша:

– Ама, кој те соблече, Маркијане?

Тогаш човекољубивиот свештеник го зеде Евангелието во свои раце и покажувајќи го, му рече на Патријархот:

– Ова овде ме соблече, Ваша Светост.

Тогаш Патријархот, потполно трогнат, силно го прегрна Маркијан и со солзи во очите му рече:

– Дете мое, кога сите свештеници и сите луѓе би живееле како тебе, не ќе имавме потреба од никакви зборови. Ќе беше доволен само нивниот пример!

# Грозје на љубовта

Околу 330 година по Христа се насели во еден скит свети Макариј Египетски. Малку по малку и околу него се собраа илјада монаси што ги слушаа неговите совети и зборови. Ама и многу мирјани од цел Египет доаѓаа кај овој свет човек Божји, за да примат плодови од неговата љубов. Славата му се рашири по сета земја. Еден ден некои поклоници дојдоа во монашкото село да го видат Ава Макариј. Секако, му донесоа тие од градот една кошница полна со грозје. Седеа прилично долго кај Старецот, ги слушаа неговите скапи совети и душевно побогати се упатија кон градот.

– Ова е за тебе, Аво – му рекоа на заминување – знаеме дека многу сакаш грозје. Те молиме, земи го.

Ава Макариј им заблагодари на поклониците и со насмевка ги испрати. Среде неугледната колиба стоеше кошницата преполна со прекрасно мирисливо грозје. Редок дар, зашто во тој крај немаше ништо слично. Сигурно е многу слатко, си помисли Авата, и тргна да го проба. Но, како што се наведна, низ прозорецот ги здогледа колипките на другите

подвижници и сети вина.

– Не е право јас да го задржам грозјето. Другите отци воопшто не ни пробале. Ќе го однесам до Ава Петар, стар е и многу ќе му се допадне.

Го зеде, така, тој грозјето и за миг го однесе кај Ава Петар, кој навистина беше најстар во скитот.

– Аво, ми го донесоа ова грозје, па помислив дека многу ти се допаѓа. Сакам да ми направиш добрина и да го задржиш – љубезно рече Ава Макариј.

– Ти благодарам, Аво, Бог да те благослови – возврати Старецот.

И Ава Макариј појде во своето колипче. Ава Петар го зеде грозјето и зеде да го проба.

– Море, застани малку – си помисли – другите отци воопшто не ни пробале. Знам дека Ава Исидор многу сака грозје.

И без многу размислување ја зеде кошницата и му ја однесе.

– Старче, ми го донесоа ова грозје. Направи ми добрина и задржи го. Знам дека многу ти се допаѓа – рече Ава Петар, нудејќи му го својот дар на Ава Исидор.

– Бог да те благослови – му возврати овој и го зеде. Но ниту третиот Ава не го задржа посакува-



ното грозје.

– Не е право да го задржам – рече Ава Исидор, и му го однесе на следниот. А овој, пак, на следниот. До зајдисонце кошницата со грозје мина низ сите бедни колипки и никој не ја задржа, секогаш мислејќи дека му е попотребна на оној другиот. Кога грозјето стигна и во последното колипче, монахот што живееше во неа си помисли:

– Грев е да го задржам ова грозје. Многу му се допаѓа на Ава Макариј – и се упати кон неговата колиба.

– Аво, прости ми, но знам дека ова грозје многу ти се допаѓа. Направи ми добрина и земи го. Тогаш Ава Макариј, гледајќи ја полната кошница со грозје недопрена, онаква каква што утрото ја прими, Го прослави Бога што во скитот има такви монаси украсени со толкава љубов и сомилост.

Во тој миг, дојдоа од далеку некои монаси за да земат благослов од Старецот. А овој со радост на лицето им рече:

– Јадете, деца мои, од ова грозје на љубовта. Тоа е најслаткото грозје на светот.

И тогаш им ја раскажа целата приказна.

# Како што и ние проштеваме

Ава Силуан беше еден од оние старци околу кои се собираше мноштво народ, како калуѓери, така и обични лаици. Бескрајната љубов што ја покажуваше спрема сите, но и неговото длабоко богословско знаење го направија исклучителен. Ако некој се најдеше во негова близина, не сакаше ништо друго, освен да го слуша. За сите проблеми и тешкотии знаеше да каже утешен збор и да даде совет.

Мноштво народ доаѓаше само да ги слушне неговите благословени зборови, но не беа малкумина ниту оние кои често одеа кај Авата да се исповедаат и да побараат помош во духовната борба.

Еден од таквите беше и Георгиј, благочестив домаќин кој го обработуваше својот имот некаде на Исток. Често одеше кај Старецот, а овој го советуваше за сè што го интересираше.

Во последно време, меѓутоа, одамна не беше отишол кај Авата. Имаше проблеми со еден сосед

кој му правеше зло. Од него беше претрпел многу маки, но беше трпелив и ги надминуваше со своите молитви кон Бога. Но, како што минуваа деновите, соседот беше сè полош, а маките на скромниот Георгиј беа сè поголеми. Еден ден, на неговото трпение му дојде крај, а неговиот јад беше толку неиздржлив што се разгневи на својот сосед и одлучи да го казни. Меѓутоа, сам не можеше да му наштети. Затоа сметаше дека е подобро решение да го предаде на судот.

Но, за една таква одлука, требаше да го праша Старецот од пустината. И навистина се упати во скитот на Ава Силуан. Кога стигна, Авата го прими со радост и веднаш отидоа во скитската црква. При исповедта Георгиј му откри за случувањата со својот тврдокорен сосед, но и својата одлука да го предаде на судот.

- Не оди поинаку, мој Аво - рече Георгиј - се трудев колку што можев. Се молев со сета сила. Но, и јас сум човек. Не можам повеќе. Видете, во почетокот беше само непријателски расположен спрема мене. Потоа со измама успеа да ми земе половина од имотот. Јас и тогаш бев трпелив. Ме озборуваше

насекаде. Ги изгубив и пријателите и познаниците. Ширеше најразлични обвиненија против мене и народот престана да говори со мене. Но, најлошо од сè, Аво, е тоа што пред неколку дена се обиде да ме отруе. За тоа се работи. Ме обзеде огорченост и одлучив да го казнам за сè што ми направи. Но, Старче, немам ни сила, ни храброст. Затоа, ќе го предадам на судот, па така ќе го стигне заслужената казна, а јас ќе си ја добијам својата правдина.

Ова го кажа Георгиј, а Ава Силуан, молчалив и смирен, му одговори:

– Прави како што сакаш, дете мое.

– Зар не мислиш, Старче, дека ќе биде уште поправедно ако го казнат строго? Имам познаници судии кои ќе се погрижат за тоа – рече Георгиј.

– Направи го тоа што ти дава утеха – одговори Авата незаинтересирано.

– Тоа би било подобро и за неговата душа, нели Аво? – праша Георгиј, но Старецот не одговори.

– Е, па, да одам јас полека – рече Георгиј – да не ѝ досадувам повеќе на твојата љубов. Одам право кај судијата.

– Застани малку, дете мое. Не брзај толку – рече


IC
XC

Авата – ајде прво да се помолиме на Бога да ја благослови твојата постапка.

Старецот стана, го доведе Георгиј и двајцата застанаа пред иконата на Седржителот. Откако се прекрсти, Авата почна да говори:

– Отче наш, Кој си на небесата, да се свети името Твое, да дојде царството Твое, да биде волјата Твоја, како на небото, така и на земјата. Лебот наш насуштен дај ни го денес и не ни ги проштевај долговите наши, како што не им ги проштеваме и ние на нашите должници.

На овие последни зборови на Ава Силуан, Георгиј извика:

– Но, Старче, не оди така Господовата молитва. Да не погрешивте малку?

– Навистина, дете мое, не е така Господовата молитва – рече Авата со строг глас – но, таква е стварноста. Бидејќи ти одлучи да го предадеш твојот брат на судот, јас не можам да се молам за тебе со друга молитва.

Георгиј онеме. Зеде благослов и се врати во својата куќа. Авините зборови се врежаа длабоко во неговата душа. Одлучи и вака направи: ја трпеше

злобата на соседот сѐ додека овој не умре. А Георгиј го продолжи својот добродетелен живот повторувајќи ја поуката на Старецот Силуан:

– И прости ни ги долговите наши, како што им проштеваме и ние на нашите должници...

Крај и на Бога слава





CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

398.22

СТАРЕЧНИК за деца / [уредник Партениј Фидановски]. - Бигорски манастир „Св. Јован Крстител“, 2017. - 84 стр. : илустр. во боја ; 21 см

Превод на делото: Paidiko gerontiko

ISBN 978-608-65424-7-4
1. Фидановски, Партениј [уредник]

COBISS.MK-ID 103519754



bigorski.mk